Тема: Бог има план за нас

Предмет: **Ветувањата на Бога**

Читање: Јаков, поглавје 1

**Ветувања, ветувања**

Има една изрека во една драма на Шекспир која е користена многу пати во период од 400 години од страна на разни луѓе: „Мојот збор е моето обврзување". Станува збор за фраза што се користи за да укаже дека некој секогаш ќе го направи она што го ветил.

Ова не е фраза која можеме да кажеме дека се однесува на доволно луѓе во светот денес. За жал, мажите и жените честопати даваат ветувања и, едноставно, не можат да ги исполнат. Во многу случаи тоа е поради промена на околностите или затоа што нешто се случило во нивниот живот. Има малкумина кои кажуваат нешто без вистинска намера да го спроведат тоа. Исто така, многумина мислат дека политичарите се одличен пример за луѓе кои ветуваат а не исполнуваат.

**Ветувањата на Бога**

Проблемот денес е тоа што веќе постои очекувањето дека ветувањата нема да се исполнат. Сепак, кога го разгледуваме Бог и Неговите ветувања, потребен ни е сосема поинаков начин на размислување. Факт е дека Божјите ветувања се 100% сигурни. Во историјата на човештвото Бог <u>никогаш</u> не пропуштил да ги исполни своите ветувања. Ова ни дава апсолутна доверба дека идните ветувања што Тој ги дал сигурно ќе се случат.

Еве три примери од Библијата кои го изразуваат јасниот план на Бог и на кои можеме да се потпреме.

> *(ГОСПОД рече) „Но Јас Сум жив и со Господовата слава е полна целата земја!"*. (**Броеви 14:21**)

Тие зборови Божји се кристално јасни: Божјата намера е целата земја да биде исполнета со Неговата слава. Можеме да се потпреме на тоа со фактот дека Бог живее.

Вториот пример е од пророкот Исаија, кој ги цитира зборовите Божји:

> *„Спомнете си за минатото: Јас Сум Бог, и нема друг Бог, никој не Ми е сличен! Оној Сум, Кој од почетокот го открива свршетокот и јавува однапред за она што уште не се збиднало! Јас велам: 'Мојата одлука ќе се исполни, ќе извршам сѐ што Ми е по волја.'"*.(**Исаија 46:9-10**).

Уште еднаш, ова се зборови кои не можат погрешно да се протолкуваат - Бог вели дека Неговиот совет ќе остане и Тој ќе ја исполни сета своја цел.

Последниот од трите е исто така од Стариот завет:

> *„Затоа знај дека ГОСПОД, Твојот Бог, е вистински Бог, верен Бог, Кој го пази Својот завет и ја искажува Својата милост до илјада поколенија на оние кои Го љубат и ги пазат Неговите заповеди.* (**Второзаконие 7:9**).

Можеме да имаме целосна и апсолутна доверба во Божјите ветувања. Во тоа повикување на Второзаконие, имаме слика на Бог кој е целосно и секогаш верен, и во Него нема променливост или недоследност.

Воведното читање на ова предавање ги изразува токму тие зборови за Бога.

> *„Секој добар дар и секој совршен подарок доаѓа одозгора, од Таткото на светлината, во Кого нема измени, ниту сенка од промена"*. (**Јаков 1:17**)

Фразата *во Кого нема измени, ниту сенка од промена* е особено убава фраза. Таа е толку искажлива за Бог кој е целосно доверлив, кој е непроменлив. Овде ја гледаме гаранцијата на Бога како карпа, како обезбедувач, како Татко само на она што е добро и совршено за оние кои ја полагаат својата вера и доверба во Него. Ако тоа е нашиот однос кон Него, каква неверојатна утеха е ова – гаранција од нашиот Отец кој ќе ги обезбеди сите наши потреби.

**Скапоцено и многу големо**

Во делата на Петар, еден од најблиските ученици на Исус, Петар има прекрасен опис на Божјите ветувања. Во своите писма, Петар им пишува на верниците во Исус и еве што пишува на почетокот на второто писмо:

> *„Благодат и мирот да ви се умножи во познавањето на Бога и Исуса, нашиот Господ. Бидејќи Неговата божествена сила ни подари сѐ што ни е потребно за живот и побожност, преку познавањето на Оној, Кој нѐ повика преку Својата сопствена слава и добродетел, со што ни се подарени скапоцени и најголеми ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, откако и избегавте на расипаноста, која е во светот, преку сладострастието, кое владее во светот"*. (**2 Петар 1:2-4**).

Каков опис на Божјите ветувања! Скапоцен и многу голем – ако веруваме во Исус и имаме вера во Бога. Во тие стихови почнуваме да учиме нешто за она што Бог го подготвува за оние кои Го љубат и се обидуваат да ги следат Неговите заповеди - учесници во божествената природа. Еве го ветувањето за бесмртност, имајќи ја истата бесмртна природа што ја има Бог сега.

**Венецот на животот**

Во читањето како вовед во ова предавање, од писмото на Јаков, поглавје 1, за овој принцип се зборува и во стих 12.

*„ Блажен е човекот, кој поднесува искушение, зашто кога ќе биде испитан, ќе прими венец на живот, што Бог им го ветил на оние, кои Го љубат“.* (**Јаков 1:12**)

Ветувањето е „венец на животот“. Тоа е ветување за живот во кој нашата природа ќе биде бесмртна. Писмото на Јаков е многу практично; тој признава дека ќе има предизвици и искушенија во нашите животи. Понекогаш животот може да ни стане многу тежок. Но, Јаков нагласува дека Божјите ветувања се тука за да нè охрабрат да продолжиме, да ја задржиме нашата доверба и вера во Бог и да го следиме примерот на животот што го живеел Исус.

Божјите ветувања се толку многу посебни; истрајноста ќе биде многу исплатлива. Не само тоа, Бог ќе ни помогне и сега, во животот што го живееме. Ги имаме нашите Библии, Словото на животот, да ни помогнат и да нè водат. Исто така, можеме да разговараме со Бог во секое време преку молитва, со целосна доверба дека Тој нè слуша.

**Идни ветувања**

Мора да го поставиме прашањето - што точно ветил Бог во Библијата во врска со иднината?

Еве едно кратко резиме…

- Исус Христос ќе се врати на оваа земја - **Дела 1:9-11**
- Оние кои умреле и навистина веруваат во Исус, ќе воскреснат од мртвите, исто како што Христос бил „првиот плод“ - **1 Коринтјаните 15:22-23**
- На воскреснатите - заедно со оние што сè уште се живи кога ќе се врати Исус - кои се верни, по Божја благодат, ќе им се даде место во новото време - **1 Солунците 4:16-17**
- Природата на овие верници ќе се промени од смртни во бесмртни (како што видовме претходно)
- Ова ново доба е опишано како „Божјето Царство“, време кога ќе има мир и праведност засекогаш. Нема повеќе смрт и грев – **Откровение 21:1-4**
- На верните во ова Царство им е ветен вечен живот.

Во **Матеј 6:9**, Исус ги поучил своите ученици да се молат на Бога. Како дел од Господовата молитва ги имаме овие зборови: *„Да дојде Твоето царство, да биде Твојата волја, како во небото, така и на земјата“.*

Чудото од овие скапоцени ветувања ни е достапно само затоа што Бог го дал Својот син Исус да биде наш спасител. Самиот Исус ги кажа овие зборови.

*Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“.* **(Јован 3:16)**

Гаранцијата што ја имаме за тоа дека овие ветувања се многу реални е тоа дека Исус воскреснал од мртвите. Тој настан ни дава сигурност. За да ја зголемиме нашата самодоверба, можеме да ги видиме и ветувањата што Бог ги дал во минатото, а кои веќе се остварени. Има многу во Библијата, но ајде да видиме неколку од нив.

**Сигурноста на Божјите ветувања**

Да се вратиме во книгата Битие, во која Бог му дал неколку ветувања на Авраам. Ветувањата започнуваат во поглавје 12, каде што на Авраам му било кажано дека Бог ќе го благослови и ќе направи од него голема народ (**Битие 12:1-3**). Од Авраам произлезе народот Израел. Во поглавје 13, на Авраам му било ветено дека целата земја што може да ја види ќе му биде дадена нему и на неговите потомци засекогаш (**Битие 13:14-17**). Ветувањата продолжуваат во 15, 17 и 22 поглавја. За време на животот на Авраам, тој не доживеал исполнување на неколку од овие ветувања и затоа мора тој да биде оној кој ќе воскресне од мртвите за да му се даде место во претстојното Царство Божјо (Новиот завет го потврдува ова.)

Едно ветување што му се исполни во текот на животот беше дека ќе добие син со сопругата Сара. Ова беше чудо затоа што и двајцата ја поминаа возраста за да имаат деца. Сепак, со текот на времето, се роди Исак како што беше ветено во **Битие 17:19.**

Едно клучно ветување од Бог е забележано двапати – вториот пат е во **Битие 22:18**:

> *„Бидејќи ја послуша Мојата заповед, сите народи на земјата ќе бидат благословени преку твоето потомство.”* (**Битие 22:18**)

Она што е извонредно за нас е дека Павле конкретно се осврнува на ова ветување во писмото што го напишал до Галатите. Во Галатите 3:8 тој ги цитира точните зборови. Потоа, во стихот 16 од истото поглавје, тој додава

> *„Сега ветувањата му беа дадени на Авраам и на неговото потомство. Не вели „и на потомството“, што се однесува на многумина, туку се однесува на еден, „и на твоето потомство“, кој е Христос“.*(**Галатите 3:16**)

Таму, без никакво сомневање, е исполнето Божјо ветување.

Друга поврзаност со Исус се гледа во ветувањето дадено на цар Давид. Во 2 Самоилова 7, Бог - преку пророкот Натан - му дава неколку ветувања на Давид. Сакаме да се фокусираме на едно од нив во стих 16.

> „Твојата куќа и твоето царство ќе траат довека пред Мене, твојот престол ќе стои цврсто засекогаш.”“ (**2 Самоилова 7:16**).

Поврзаноста со Исус се гледа во записот за раѓањето на Исус и во она што ангелот Гаврил ѝ го рекол на Марија, мајката на Исус, пред 2000 години. Ова исто така се поврзува со идните Божји ветувања што ги разгледавме претходно. Повикувањето е во првото поглавје од евангелието по Лука:

> *„Тогаш ангелот и рече: „Не бој се Марија, зашто си нашла милост пред Бога. И ете, ќе зачнеш и ќе родиш Син, и ќе Му го дадеш името Исус. Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Сѐвишниот. И Господ Бог ќе Му го даде престолот на Неговиот татко Давид. И ќе царува над Јакововиот дом довека, и Неговото Царство не ќе има крај.”.*(**Лука 1:30-33**)

И на Авраам и на Давид им било ветено посебно потомство и, во двата случаи, тоа се однесува на Исус Христос. Колку соодветно што Новиот завет се отвора со овие зборови…

> *„ Книга на родословот на Исуса Христа, син Давидов, син Авраамов“.*(**Матеј 1:1**)

**Заклучок**

Ова се само два кратки примери на многуте ветувања од Бог што ги се содржани во Библијата и кои веќе се исполнети. Тие ни даваат доверба во тоа дека Божјите идни ветувања се сигурни.

Без никакво прашање, Божјето царство ќе биде воспоставено на оваа земја. Бог сака вие и јас да бидеме дел од Неговите идни планови. Прашањето е - дали навистина посакуваме место во тоа славно време што доаѓа?